# Европска повелба за права на пациентите
**Презентирана во Брисел на 15 ноември, 2002 година**

## 1 - Право на превентивни мерки

Секој поединец има право на соодветна услуга во насока на превенција од заболување.

## 2 - Право на пристап

Секој поединец има право на пристап до здравствените услуги потребни за неговото здравје. Здравствената заштита мора да гарантира еднаков пристап за сите, без дискриминација врз основа на финансиската состојба, местото на живеење, видот на болеста или времето потребно за пристап до здравствената заштита.

## 3 - Право на информираност

Секој поединец има право на пристап до секој вид информација која има врска со неговото здравје, здравствената заштита и начинот на нејзино користење, како и сите сознанија од научните истражувања и технолошките иновации кои се на располагање.

## 4 - Право на согласност

Секој поединец има право на пристап до сите информации кои ќе му овозможат активно учество во донесувањето одлуки во врска со сопственото здравје; овие информации се предуслов за секоја процедура или третман, вклучувајќи и учество во научно истражување.

## 5 - Право на слободен избор

Секој поединец има право на слободен избор меѓу расположивите процедури за лекување и здравствени работници, врз основа на соодветна информација.

## 6 - Право на приватност и доверливост

Секој поединец има право на тајност на личните податоци вклучувајќи ги и податоците во врска со неговото здравје, можната дијагноза или лекување, како и право на заштита на приватноста во текот на изведувањето дијагностички испитувања, специјалистички посети и медицински/хируршки постапки воопшто.

## 7 - Право на почитување на времето на пациентот

Секој поединец има право на навремено лекување. Ова право се однесува на секоја фаза од лекувањето.

## 8 - Право на почитување на стандардите за квалитет

Секој поединец има право на пристап до висококвалитетна здравствена заштита заснована на прецизни стандарди.

## 9 - Право на безбедност

Секој поединец има право да биде заштитен од штетите што може да ги предизвика лошото функционирање на здравствениот систем, медицинска или лекарска грешка, како и право на пристап до здравствени услуги и лекување кои исполнуваат високи стандарди за безбедност.

## 10- Право на иновација

Секој поединец има право на пристап до иновативни процедури на лекување и до дијагностика според меѓународните стандарди, независно од неговата економска или финансиска положба.

## 11- Право на избегнување непотребно страдање и болка

Секој поединец има право максимално да ги избегне непотребното страдање и болка во секоја фаза од неговата болест.

## 12 - Право на персонализирано лекување

Секој поединец има право на дијагностички или терапевтски програми кои се максимално приспособени на неговите специфични потреби.

## 13 - Право на жалба

Секој поединец има право на жалба за претрпена штета, страдање или болка, како и право на повратен одговор.

## 14 - Право на надомест

Секој поединец има право на доволен надомест во разумен временски период, во случај на претрпена физичка или морална и психолошка штета или во случај на страдање предизвикано од лекување или од услуга во здравствениот систем.